До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од истиот закон и тоа:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека:
„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено".

Согласно член 1 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија со бр. 0201-681/27 од 15.03.2025 година: „Фудбалската Федерација на Македонија е независна, доброволна, непрофитна, национална организација од областа на фудбалскиот спорт, основана врз основа на позитивните законски прописи на

Република Македонија, регистрирана во соодветниот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија како здружение, во согласност со Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт на Република Македонија.“

**Согласно предвидените забрани и ограничувања во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постои ограничување службено лице кое извршува избрана или именувана функција да биде ангажирано од страна на доброволна и независна организација поради извршување на одредени активности.**

**Исто така, Државната комисија извести дека лицето како службено лице кое ја извршува функцијата член на Судскиот совет на РСМ, може да остварува дополнителен приход согласно горе цитираните одредби од член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, освен со закон ако не е поинаку определено.**

Државната комисија укажа на почитување на Начелото на интегритет согласно член 4 од истиот закон:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk